# Број 2
# 13.02.2024 година

Службен гласник на општина Делчево
Излегува по потреба

Уредува
Одделение за правни и општи работи

ФЕВРУАРИ, 2024

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/2002) и член 42 став 1 алинеја 3 од Статутот на Општина Делчево („Сл.гласник на Општина Делчево“ бр.15/2013, 2/2019 и 1/2021), Градоначалникот на Општина Делчево, на ден .02.2024 година, донесе

**РЕШЕНИЕ**
**За објавување на акти од 32.седница**
**на Советот на Општина Делчево**

I

Да се објават во „Сл.гласник на општина Делчево“, актите донесени на 32.седница која се одржа на 13.02.2024 година и тоа:

1.**Одлука** за вршење на техничка исправка на Детален урбанистички план за ГП 5, Блок М од Детален урбанистички план Локалитет „Басарица“, Општина Делчево, бр.1843/98 (донесен со Одлука бр.07-561 од 03.09.1998);

2. **Одлука** за измена на Одлуката за доделување на стипендии на одлични ученици од СОУ „М.М.Брицо“ кои постигнале особено висок успех во учењето;

3.**Одлука** за утврдување на потребата од донесување на Урбанистичко-планска документација за бесправно изграден објект надвор од плански опфат-објект стоваришта за складирање на стока на отворен/затворен простор зграда бр.1 по барање на Мара Маневска и Елизабета Џабирска;

4.**Одлука** за утврдување на потребата од донесување на Урбанистичко-планска документација за бесправно изграден објект надвор од плански опфат-објект стоваришта за складирање на стока на отворен/затворен простор зграда бр.2 по барање на Мара Маневска и Елизабета Џабирска;

II

Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Сл.гласник на Општина Делчево“.

Број 08- 388 /1
13.02 .2024 год.
Делчево

ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО
Градоначалник,
Горан Трајковски,с.р.

**1.** Врз основа на член 36 од Законот за просторно и урбанистичко планирање ( Сл. весник на РСМ бр.32/2020) Советот на Општина Делчево на 32. седница одржана на ден 13.02.2024 година,донесе

**ОДЛУКА**
**За вршење на техничка исправка на Детален урбанистички план за ГП 5. Блок М од Детален урбанистички план Локалитет „Басарица", Општина Делчево тех. бр. 1843/98 ( донесен со Одлука бр. 07-561 од 03.09.1998 г )**

Член 1

Со оваа одлука се врши техничка исправка на Детален урбанистички план за ГП 5. Блок М од Детален урбанистички план Локалитет „Басарица", Општина Делчево тех. бр. 1843/98 ( донесен со Одлука бр: 07-561 од 03.09.1998 година. )

Техничката исправка на Детален урбанистички план за ГП 5. Блок М од Детален урбанистички план Локалитет „Басарица", Општина Делчево. е со тех.бр 159/2023 од ноември 2023 г изработена од ИН-ПУМА Институт за урбанизам, сообраќај и екологија –Скопје.

Предмет на техничката исправка е промена на нумеричките показатели за ГП бр. 5, Блок М, во табелите од текстуалниот и графичкиот дел од Планската документација на Детален урбанистички план Локалитет „Басарица", плански период 1998-2003 година.

Во текстуалниот дел од Планската документација на Детален урбанистички план Локалитет „Басарица", плански период 1998-2003 година, тех. бр. 1843/98, (т.бр. 1843/98 донесен со Одлука бр: 07-561 од 03.09.1998 година. ) и тоа:

Во табелите од ДУП Басарица со Нумерички показатели за Блок М, на стр. 28
- во ред 5 од табела за Блок М (параметри за ГП 5, Блок М), во колона 2 (Површина на градежна парцела) ознаката „**443**" се заменува со „**440** ".

- во ред 15 од табела за Блок М (вкупно Блок М), во колона 2 (Вкупно површина на градежни парцели во блок М) ознаката „**5390**" се заменува со „**5387**".

- во ред 2 од РЕКАПИТУЛАР, во колона 1 (Површина на блокови) ознаката „**81933**" се заменува со „**81930** ".

Член 2

Техничката исправка на на Детален урбанистички план за ГП 5. Блок М од Детален урбанистички план Локалитет „Басарица", Општина Делчево. тех.бр 159/2023 од ноември 2023 година изработена од ИН-ПУМА Институт за урбанизам, сообраќај и екологија Скопје е составен дел на Детален урбанистички план Локалитет „Басарица", Општина Делчево, (тех.бр. 1843/98 донесен со Одлука бр: 07-561 од 03.09.1998 година. )

Член 3

Одлуката влегува во сила со денот на донесување а ке се објави во ,, Службен гласник на Општина Делчево.

Број 09 –327/1
13.02.2024 год.
Делчево

СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО
Претседател,
Гоце Попов,с.р.

**2.**Врз основа на член 36 и член 62 став 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.Весник на РМ“ бр.05/2002), Советот на општина Делчево на својата 32. редовна седница одржана на ден 13.02. 2023 година, донесе

**ОДЛУКА**
**За измена на Одлуката за доделување на стипендии на одлични ученици од СОУ „М.М.Брицо“ Делчево кои постигнале особено висок успех во учењето**

Член 1

Во Одлуката за доделување на стипендии на одлични ученици од СОУ „М.М.Брицо“ Делчево кои постигнале особено висок успех во учењето, бр.09-2555/1 од 31.12.2023 година, во член 1 став 1 се врши следната измена:
бројот 8 (осум) се заменува со број 16 (шеснаесет).

Член 2

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во „Сл.Гласник на Општина Делчево“.

**Бр.09- 328/1** | **СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВ**
**13.02.2024** | **Претседател,**
**Делчево** | **Гоце Попов,с.р.**

**3.** Врз основа на член 50 точка 6 и член 62 точка 1 од Законот за локална самоуправа (“Сл.весник на РМ“ број 5/02) и член 2 од Правилникот за вклопување на бесправни објекти во урбанистичко планска документација (“Сл.весник на РМ“ број 56/11,162/12), како и Законот за постапување со бесправно изградени објекти (Сл.В. 23/11, 54/11, 155/12, 56/13, 72/13, 44/14 115/14, 99/14, 124/15, 129/15, 217/15 ,31/16 и 190/17 ) Советот на Општина Делчево на, на својата 32. редовна седница, одржана на ден 13.02.2024 година донесе

**ОДЛУКА**
**за утврдување на потребата од донесување на Урбанистичко планска документација за бесправно изграден објект надвор од плански опфат**
**Објект стоваришта за складирање на стока на отворен/затворен простор згр.бр. 1** –по барање на **Мара Маневска и Елизабета Џабирска**

Член 1

Се утврдува потреба од донесување на Урбанистичко планска документација со која ке се изврши проширување на планскиот опфат и вклопување на бесправните објекти а во врска со поднесеното барање за утврдување на правен статус на бесправен објект број уп I бр. 12-**1431** од **29.08.2011** година, од страна на **Мара Маневска ул.„Бул. Македонија“ бр.29/2-9 и Елизабета Џабирска ул.„Пере Тошев“ бр.23- Делчево** за бесправно изграден објект, **Објект стоваришта за складирање на стока на отворен/затворен простор –** означен во елаборат како зг реден бр. **1** изграден на **КП бр. 3771 КО Звегор вон Г.Р. м.в. Уме** запишана во имотен лист бр. **500** и кој бесправен објект е надвор од урбанистички плански опфат .

Член 2

Со цел вклопување на бесправно изградениот објект од член 1, ќе се изработи и донесе урбанистичко планска документација согласно Законот за просторно и урбанистичко планирање.

Член 3

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во “Службен гласник на Општина Делчево“.

Број 09-329/1 СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО
13.02.2024 година Претседател,
Делчево Гоце Попов,с.р.

**4.** Врз основа на член 50 точка 6 и член 62 точка 1 од Законот за локална самоуправа (“Сл.весник на РМ“ број 5/02) и член 2 од Правилникот за вклопување на бесправни објекти во урбанистичко планска документација (“Сл.весник на РМ“ број 56/11,162/12), како и Законот за постапување со бесправно изградени објекти (Сл.В. 23/11, 54/11, 155/12, 56/13, 72/13, 44/14 115/14, 99/14, 124/15, 129/15, 217/15 ,31/16 и 190/17 ) Советот на Општина Делчево, на својата 32. редовна седница, одржана на ден 13.02.2024 година донесе

## ОДЛУКА

**за утврдување на потребата од донесување на Урбанистичко планска документација за бесправно изграден објект надвор од плански опфат**
**Објект стоваришта за складирање на стока на отворен/затворен простор згр.бр. 2** –по барање на **Мара Маневска и Елизабета Џабирска**

Член 1

Се утврдува потреба од донесување на Урбанистичко планска документација со која ке се изврши проширување на планскиот опфат и вклопување на бесправните објекти а во врска со поднесеното барање за утврдување на правен статус на бесправен објект број уп I бр. 12-**1431** од **29.08.2011** година, од страна на **Мара Маневска ул.„Бул. Македонија“ бр.29/2-9 и Елизабета Џабирска ул.„Пере Тошев“ бр.23- Делчево** за бесправно изграден објект, **Објект стоваришта за складирање на стока на отворен/затворен простор –** означен во елаборат како зг реден бр. **2** изграден на **КП бр. 3771 КО Звегор вон Г.Р. м.в. Уме** запишана во имотен лист бр. **500** и кој бесправен објект е надвор од урбанистички плански опфат .

Член 2

Со цел вклопување на бесправно изградениот објект од член 1, ќе се изработи и донесе урбанистичко планска документација согласно Законот за просторно и урбанистичко планирање.

Член 3

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во “Службен гласник на Општина Делчево“.

Број 09-330/1 СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО
13.02.2024 година Претседател,
Делчево Гоце Попов,с.р.